Томо ТОМОСКИ

## ЗАПИСИ ЗА ДРУГУВИТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Другувити како име на едно од повеќето словенски племиња населени во централна Македонија, било познато уште во VII век. Во византиските и латинските извори нивната земја била забележана со име Другувитија. Со тоа име била именувана една епископија потчинета на солунскиот митрополит, потоа една еретичка црква на Балканот, како и една подрачна единица - cartularatis во составот на провинцијата Бер. Тоа име било употребено и како ознака на народносна припадност на носителот на "тиранијата" во Бер и на "власта" во Полог. Познати се неколку облици на пишувањето на тоа име.

Најстара вест за споменатото словенско племе била забележана во Miracula s. Demetrii II, во еден хагиографски спис од VII век. Анонимниот автор, во врска со словенските напади врз градот Солун, пишува дека во годините 614-616, "се кренал народот Словени, составен од Дрогувити (Δρογονβιται), Сагудати, Велегезити, Вајунити, Верзити и од останатите племиња" во грабеж по Егејот и во напад на Солун.[1] Авторот на истиот извор, современик на настаните што се случиле во Солунско во втората половина на VII век, прикажува дека во годините 674-677, во тридневната опсада на Солун учествувале и "кнезовите на племето Дрогувити".[2]

Во истиот извор етниконот бил забележан и во облик Драгувити (των Δραγουβιτων)[3]. Имено, авторот раскажувајќи го егзодусот "на целиот народ на Ромеи и на прврзаниците од другите племиња" од Заддунавскиот крај до Керамесиско Поле меѓу 680-685, меѓу другото пишува дека византискиот цар на водачот на преселниците по име Кувер му одобрил, со царска наредба, Драгувитите да му приберат доволно количество храна.[4] Од наведените примери во пишувањето на етниконот се гледа

1. Византиски извори за историју народа Југолавије. Том I, Београд 1955, стр. 186.
2. Исто, стр. 204
3. Исто, стр. 213
4. Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1944, стр. 24-28.

дека авторот користел информации од различно време и од различно потекло.

Третиот облик во пишувањето на етниконот се сретнува во делото на Јован Каменијат, византиски писател од првата половина на X век. Тој меѓу другото раскажува за рамнината што се протега меѓу Солун и градот Бер и за мешовити села среде таа рамнина од кои "едни спаѓаат под управа на градот Солун, тие се викаат Другувити (Δρογουβιται) и Сагудати" [5]

Етниконот во тој облик го има и во списоците на епископии од IX-XII век. Епископот на Другувитија по име Петар учествувал во работата на Цариградскиот собор во 879 година. Епископи на Другувити и на Другувитија потчинети на Солунскиот митрополит биле забележани во списоците на епископии од времето на византискиот владетел Лав VI (886-912), и византискиот цар Константин Порфирогенит (913-959).[6] Исто така и во првиот и во вториот список од времето на византискиот цар Алексиј Комнин меѓу деветте односно единаесетте епископии потчинети на солунскиот митрополит се наоѓа и епископот на Другувитија, односно Друговитија и тоа на трето место по ред, веднаш по епоскипите на Китрос и на Бер.[7] Како што се гледа црквата доследно и со векови го употребувала името во облик Другувитија.

Во латинските извори од крајот на XII до 70-те години на XIII век се сретнува ecclesia Drogovetiae како назив на една богомилска црква на Балканот.[8]

Освен тоа во договорот склучен меѓу крстоносците и Венеција, односно во Partitio regni Graeci. A.d. 1204 е употребен обликот Drogubitia во називот на една cartularatis подрачна единица во составот на провинцијата Бер.[9]

На крајот на овој преглед во пишувањето на етниконот треба да се каже дека името Другувити во назив на "тиранијата на Другувитите" во градот Бер и на "Другувитска власт" во Полог било употребено во одлуките на црковниот суд при Охридската архиепископија во првите децении на XIII век. [10]

5. Византиски извори, стр. 266.

6. Фрањо Баришиħ - Божидар Ферјанчиħ, Вести Димитрија Хоматијана о "власти Другувита", Зборник радова Византолошког института, 20, Београд 1981, стр. 42.

7. Грьцки извори за българската история VII. Извори за българската история XIV, София 1968, стр. 105,107.

8. Ф. Баришиħ - Б. Ферјанчиħ, нав. дело, стр. 42, 43.

9. G. L. Fr. Tafel und G.M. Thomas, Urkunden der alteren Handels-und Staatsgeschichte zur Republik Venedig mit besonderen Beziehung auf Byzanz und die Levante, I Theil 814 - 1205, Wien 1856, str. 493.

10. Ф. Баришиħ - Б. Ферјанчиħ, нав. дело, стр. 44 Види и стр. 42, бел. 10 каде се дадени објаснувања за значењето на името во облик Драговити, Дрогувити и Другувити. Етимолошки објаснувања за етниконот се дадени и во Византиски извори, стр. 186, бел. 3, како и кај Paul Gautier, Clement d'Ohrid, eveque de Dragvista, Revue des etudes Byzantines XXII, Paris 1964, стр. 203.

За истото пишува И. Дујчев во статијата Dragavista - Dragovitia објавена во споменатата ревија на стр. 221.

Од наведените податоци се гледа дека обликот Другувити преовладувал и се наметнал во употреба како доминантен во државните и црковните структури и тоа на територија што се протега од градот Бер на југ до Полог на север. Воочливо е дека од сите словенски племиња што учествувале во борбите околу Солун во VII век, а чии имиња се познати од византиските извори, единствено Другувитите се одржале најнапред како племе, а потоа и како народност.

Словенската колонизација во Македонија била проследена со словенски напади и опсади на византиските градови и со уништување на одбранбените воени пунктови - каструми. Во почетокот на VII век, ударот на Словените бил насочен, во прв ред, против градот Солун, кој во тоа време се утврдил во силно упориште на византиската власт. Во одбрана на градот од словенските напади на свој начин се вклучила и христијанската црква. Таа со ширењето на култот на св. Димитрие ги поттикнувала и охрабрувала Солуњаните да се бранат од Словените. За настаните што се случиле во VII век во Солун и на поширокото подрачје околу него инструктивни податоци даваат анонимниот автор на Miracula s. Demetrii и неговите следбеници Теофан и патријархот Никифор. Според византиските извори VII век бил исполнет со напади на Словените и со контранапади на византиската војска.

Во почетокот на VII век, во 614-616 година "народот Словени" составен од племиња и организиран во лабав племенски сојуз, предводен од Хацон, се кренал со оружје и во напад на поширокото подрачје од централниот Балкан и посебно против градот Солун.[11] При крајот на истиот век, во 674-677 година, по погубувањето на Прввуд, водач на Ринхините, бил опседнат градот Солун, од страна на племенскиот сојуз составен од Ринхини, Стримонци и Дрогувити.[12]. Во меѓувреме, во 658 година се случил воениот поход на византискиот цар Констанс II против Склавиниите, проследен со заробување и покорување на многу народ.[13] Триесет години подоцна, во 658-9 година византискиот цар Јустинијан II завојувал против Склавинии и притоа навлегол во Солун, покорувајќи големи маси Словени, од кои некои на бојно поле, а некои сами му пришле, и откако преминал во Мала Азија, ги населил во областа Опсикион.[14] Сето тоа се случило неколку години по сместувањето на Кувер на Керамесиско Поле.

Карактерот на војните што Византија ги водела против Склавиниите во VII и VIII век може да се согледа од следното известување

11. Византиски извори, стр. 186.
12. Исто, стр. 199, 202, 204, 205.
13. Исто, стр. 222.
14. Исто, стр. 226

на Теофан, византиски писател од првата половина на IX век. Според неговите зборови во 758-9 година византискиот цар "Константин V ги поробил Склавиниите по Македонија, а останатите, меѓу нив веројатно и Другувитија, ги присилил да ја признаат неговата врховна власт".[15]

Од наведениот податок се гледа дека и овој пат станува збор за казнена експедиција, изведена одново и кој знае по кој пат и придружена со поробување, покорување, преселување и со привремено наметнување на врховна власт врз некои Склавинии. Наведените податоци можат да послужат и како доказ за постоење слободни и независни Склавинии, а воедно и како показател за нивниот статус. Освен тоа отсуството на претсловенски топоними во наведените податоци зборува за јачината и димензиите на словенската колонизација во Македонија.[16]

Во византиските извори нема доволно и инструктивни податоци со кои би се реконструирал развојниот пат на Склавиниите. По исклучок нешто повеќе се знае за Другувитија и тоа за нејзината географска положба, како и за нејзиниот удел во црковните и државните структури во средновековна Македонија.

Известувањето што го дава анонимниот автор во Miracula s. Demetri II донекаде ги открива рамките на племенската територија што ја притежавале Другувитите во Солунско. Станува збор за егзодусот на Кувер, што се случил меѓу 680-685 година. Авторот раскажува дека "целиот ромејски народ и приврзаниците од другите племиња" под водство на Кувер тргнале во Заддунавскиот крај и по долго патување, проследено со борби, пристигнале на Керамесиско Поле. Кувер од новиот стан изнудил од византискиот цар наредба со која Драгувитите, соседни племиња (на Солуњаните), се задолжувале да приберат доволно количество храна за (Керамесијанците). И кога тоа се случило, Керамесијанците, прибирајќи жито во колибите на Словените, разбрале од нив дека градот не бил далеку.[17] Во продолжението авторот раскажува дека еден морнарички одред од корабите на стратегот Сисиние, како и пребези од таборот на Кувер, се утврдиле "во ископан ров западно од градот со намера тие што сакале да побегнат од Керамесиско Поле да можат тоа да го сторат без страв и непречено од Словените.[18] Од наведениот текст се гледа дека Драгувитите биле соседи на Керамесијанците и на Солуњаните и дека градот Солун лежел "недалеку" од Драговитите и дека Драговитите биле населени западно од градот.

---

15. Исто, стр. 230.

16. За словенското население во Грција во текот на средниот век како и за трагите што ги оставиле Словените во топонимијата на Македонија види кај Max Vasmer, Die Slaven in Griechenland, Berlin 1941, стр. 176.

17. Византиски извори, стр. 213.

18. Исто, стр. 215.

Сознанието за постоење другувитско население во соседството на Солун се потврдува и се проширува со нови поединости внесени во делото на Јован Каменијат, византиски писател од почетокот на X век. Тој, при описот на Солунското Поле, пишува дека тоа "се протегало кон запад допирајќи до други високи и големи планини, каде се издига градот по име Бер". "Среде таа рамнина се наоѓаат некои мешовити села, од кои едни спаѓаат под управа на градот Солун - тие се викаат Другувити и Сагудати, а другите плаќаат данок на скитскиот народ, кој живее недалеку".[19] Јован Каменијат, кој бил жител на градот Солун и како таков добро ја познавал неговата околија, сосема одредено ја покажал племенската земја на Другувитите. Нејзината положба ја прават уште појасна неколкуте показатели извлечени од списоците на епископии и од Partitio Regni Graeci. Во списоците на епископии потчинети на солунскиот митрополит од времето на византискиот цар Алексиј Комнин (1081 - 1118) се покажани девет односно единаесет епископии и тоа по овој ред: 1. Китрос, 2. Вереја (Бер), 3. Драгувитија, 4. Сервиа, 5. Касандрија, 6. Кампања, 7. Петра, 8. Еркули, 9. Ерисос. Во вториот список се додадени уште 10. Лити и 11. епископија на Вардариотите.[20]

Во латинскиот извор покрај провинцијата Vardarii е забележан и cartularatis Drogubitia заедно со Sclavitza веријанта Sthlanitza како подрачна единица на провинцијата Berroeae.[21]

Според тоа земјата на племето Другувити - Другувитија треба да се бара таму каде ја посочил Јован Каменијат - среде Солунското Поле и тоа поблиску до градот Бер. Територијата на Другувитија се протегала во рамките на соседните епископии и провинции и тоа: од периферните делови на епископиите Китрос и Бер, на југ и југозапад од земјата Сланица [22] и локалитетот Керамесиско Поле, на север и северозапад, потоа до провинцијата Вардарија и градот Солун на исток. Притоа треба да се има предвид дека Другувитија во почетокот на X век била под управа на Солун, а во почетокот на XII век се покажува како подрачна единица на провинцијата Бер. Во црковен поглед Другувитија, цело време, почнувајќи од IX до средината на XIII век била во составот на солунската митрополија.

Христијанизацијата на словенските племиња населени околу Солун траела подолго време и била проследена со силен отпор и нарушување на мирот. Првуд, водач на словенското племе Ринхини, во текот на 674-

---

19. Исто, стр. 266.

20 Гръцки извори, стр. 105 и 107.

21. G.L. Fr. Tafel und G.M. Thomas, Urkunden, стр. 485, 493.

22. За положбата на земјата Сланица види во мојата статија: Белешки за неколку малку познати места во средновековна Македонија, Историја XVII, Скопје 1981, бр. 2, стр. 82.

677 година им се заканувал на Солуњани, дека ќе ги прибере "сите нему соседни племиња и дека ќе поведе војна и по море и по суво, и притоа не би оставил во живот ниеден христијанин па ма кој бил".[23]

Словените биле непријателски настроени спрема христијаните и во VII век според известувањето на патријархот Никифор, византиски писател на преодот од VIII во IX век, византискиот цар Константин V во 768-9 година откупил од словенските архонти 2500 заробени христијани во замена за свилена облека.[24]

Христијанството меѓу Словените го ширеле мисионери дојдени од развиените градски центри, во прв ред од Солун. Притоа мисионерите биле претпазливи и свесни за ризикот што ги чека во нивната дејност. Познат е случајот на Григориј Декаполит, кој бил почитуван од христијаните како светец. Имено, еден ден во 836-7 година тој тргнал од Солун кон горовит предел населен со Словени, но набргу се вратил назад од безбедносни причини. Веднаш потоа, "по неколку дена водачот на словенската земја кренал големо востание проследено со пролевање на крв и со палеж на околината".[25] Како што се гледа дејноста на христијанските мисионери била условена од одржувањето на мирни односи меѓу Словените и Солуњаните.

Согледувајќи ја корисата за обете страни од примањето на христијанството Јован Каменијат пишува дека "со покрстувањето скитското племе станало слично на христијанскиот народ", а со тоа "престанал немирот меѓу градовите"[26]

Во средината на IX век Другувитите веќе биле масовно покрстени. За нив била формирана и посебна епископија, која била именувана Другувитија - според етничката припадност на верниците. Последна вест за епископ на Другувитија (Δρογουβητειας επισκοπος) била забележана во 1580 година.[27]

Некои научни работници, меѓу епископите на Другувитија го сврстуваат и Климент. Како повод за таквото определување им послужила титулата на Климент επισκοπος Δραγβιστας забележана во Vita Clementis, Vat. Gr. 1409.[28]

23. Византиски извори, стр. 202.
24. Исто, стр. 242
25. Исто, стр.255.
26. Исто, стр. 267, 268.
27. Max Vasmer, Die Slaven in Griechenland, str. 177
28. Paul Gautier, Clement d'Ohrid, str. 199.

Во врска со титулата се напишани уште две статии со индикативни наслови и тоа I. Dujčev, Dragavista - Dragovitia објавена во наведената ревија, на стр. 215-221. Втората статија е во Петар Коледаров под наслов: Климент Охридски, "Първи епископ на български език" на Драговитите во Солунско и на Великия в западните Родопи. Константин Кирил Философ. Юбилеен сборник по случаи 1100 годишнината от смртта му. София 1969, стр. 142, 145, 149. Петар Коледаров на истата тема пишувал и во енциклопедиската единица Дрембица, Дебрица. Кирило-Методиевска енциклопедия. Том I, София 1985, стр. 612, 613.

Меѓутоа тезата на споменатите научни работници за идентитетот на Драгвиста и за Климент епископ на Другувитија бара дополнително објаснување и усогласување со показатели кои не зборуваат во прилог на нивното тврдење. Имено од житието на св. Климент се знае дека тој својата мисионерска дејност ја исполнувал на територијата под бугарска власт. Во исто време Другувитија со договорот меѓу Византија и Бугарија во 904 година и по повлекувањето на бугарско-византиската граница, останала во составот на Византија.[29] Освен тоа, според списоците на епископи од IX и XII век и посебно според списокот од времето на византискиот цар Лав VI (886-912) и епископот на Другувитија бил потчинет на Солунскиот митрополит, што не било случај со епископот Климент.[30]

Некои латински извори од крајот на XII до крајот на XIII век бележат истоимена еретичка црква ecclesia Drogovetiae со варијанти во пишувањето и со неодредена положба на Балканот.[31] Веднаш се забележува дека името на еретичката црква по облик потсетува на називот на веќе споменатата cartularatis tam de Drogubitia на подрачната единица на провинцијата Berroeae. Сличноста во називот на црквата и на административната единица наведува на помисла дека станува збор за иста територија. Имено, територијата на cartularatis административно ја покривала земјата на Другувитија, која се протегала во близина на градот Бер и на областа Меглен. Во Меглен, во XII век, во времето на византискиот цар Манојло I Комнин (1143-1180) и при слабоста на државната власт многу се рашириле еретички учења на павликијани, на монофизити и на богомили. Во прогонувањето на еретиците активно учествувал Иларион, епископ на Меглен од 1142 година. За таа дејност од страна на православната црква Иларион бил прогласен за светец.[32]

Топономастичка трага за раширеноста на еретички учења и присутноста на еретици во соседството на Меглен и во близината на Бер е зачувана во името на с. Котугери (Кутугери) расположено на 8 км. од градот Воден.[33]

Во близината на градот Воден и во соседството на Другувитија бездруго треба да се бара "еретичкиот град" забележан во хрониките за крстоносните војни. Според латинските извори, еден крстоносен одред,

29. В. Н. Златарски. История на Българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове, Т. I, София 1927, стр. 340-342 и 345.

30. Ф. Баришиħ - Б. Ферјанчиħ, нав. дело, стр. 42.

31 Исто, стр. 42 Види и Драгољуб Драгојловиќ, Еретичка црква Дроговетија и македонските Дрогувити. Гласник на Институтот за национална историја XIX, Скопје 1975, бр. 3, стр. 157-171.

32. В.Н. Златарски, История Том III, София 1940, стр. 295.

33. Тодор Симовски, Населените места во Егејска Македонија I. Скопје 1978, стр. 171. За употребата на зборот Кутугери види кај Драгољуб Драгојловиќ - Вера Антиħ, Богомилството во средновековната изворна граѓа. Скопје 1978, стр. 32, 50 и 51, бел 5.

во почетокот на 1097 година, на пат од Костур за Левант, навлегол во Пелагонија и таму освоил и запалил, заедно со жителите, еден "еретички град", кој бил изграден на едно езеро. Нема сомневање дека маршрутата на крстоносниот одред и позицијата на "еретичкиот град" станувааат појасни, ако тие се следат според горенаведените показатели. Споменатиот "еретички град" во науката бил убициран на просторот од Асамати на Преспа до Острово на Островското езеро. [34] Острово лежи на влезот на Владовската клисура и претставува значаен воен пункт и премин од Пелагонија и Сари Ѓол за Солунската рамнина. Таму, на едно острово на Островското езеро бездруго лежел "еретичкиот град" забележан од хроничарите на крстоносните војни.

Првите децении на XIII век биле исполнети со брзи и чести политички промени како и со афирмација на името Другувити во наведениот облик и во значење народност. Распаѓањето на византиската власт на Балканот започнато кон крајот на XII продолжило и во почетокот на XIII век. Појавата на Добромир Хрс, а подоцна и на Стрез (околу 1207-околу 1214) на политичката сцена во Македонија се совпаѓа со настаните во Бугарија и Србија. Политичката формација во Повардарието некои современи византиски, латински и српски извори ја бележат како творба на личности. [35] Единствено еден грчки извор по потекло од црковниот суд при Охридската архиепископија ја покажува феудалната власт во Повардарието со употреба на изразите "тиранија на Другувити" (της Δρουγουβιτων τυραννιδος) во градот Бер и "Другувитска власт" (η Δρουγουβιτικη εξουσια) во Полог. [36] Значајно е што податокот потекнува од црковната канцеларија на Охридската архиепископија на чие чело стоел учениот Димитрие Хоматијан, најнапред како хартофилакс (околу 1200 - околу 1217), а потоа и како архиепископ (околу 1217 - околу 1236). Димитрие Хоматијан бил современик на настаните и како таков бил добар познавач на политичките прилики и на етничките односи на територијата под негова јурисдикција. Затоа со доверба треба да се примат зборовите употребени во образложението на судската одлука во имотниот спор меѓу Манојло, жител на Бер и Панајот за настаните што се случиле во "време на тиранијата на Другувитите". Вториот имотен спор се водел меѓу Герасим, калуѓер во манастирот Богородица во Тетово и поп Добре од с. Баништа во Горни

34. Коста Аџиевски, Пелагонија, стр. 85-89. Stujepan Antoljak, Makedonski heretici u zapadnim izvorima 11 i 12 stoljeća. Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања. Скопје 1982, стр. 56, 58, 59, 62, 63, 64.

35. Коста Аџиевски, Пелагонја, стр. 133. Земја која некогаш му припаѓала на Стрез се споменува во договорот од 1229 година склучен меѓу полномошниците на цариградското регенство и ерусалимскиот екс-крал Иван де Бриен.

36. Ф. Баришиќ - Б. Ферјанчиќ, нав. дело, стр. 44

Полог. Во образложението на одлуката бил направен осврт врз состојбата на имотот во време "кога власта на Другувитите ја притиснала и областа Полог". [37]

Ф. Баришиќ и Б. Ферјанчиќ по детална анализа на изворите, во вид на заклучок, предложиле решение според кое носител на власта на Другувитите бил познатиот феудален господар Стрез (околу 1207 - околу 1214)[38]

Според тоа, зад изразите "тиранија на Другувитите" и "Другувитска власт" стои носител на државната власт со определена народносна припадност.

Споменатите автори не можеле одредено да одговорат на прашањето дали изразот "власт на Другувитите" може да се смета како доказ "дека словенското племе Другувити се оддржува уште во првата половина на XIII век".[39] Меѓутоа вистината е во тоа што племенската организација на Другувитите, позната од почетокот на VII век, во текот на историскиот развиток надраснала и прераснала во класно општество. Во образложението на споменатите судски одлуки била забележана приватна сопственост на земја, ниви, лозја, а се споменуваат и бољари и градови. Освен тоа името Другувити било инкорпорирано во називите на црковни и државни структури.

На крајот и како заклучок треба да се каже дека веста на Димитрие Хоматијан за "тиранија на Другувитите" во градот Бер и за "Другувитска власт" во Полог јасно и недвосмислено говори за промените што се случиле во општествениот живот на Другувитите. Воедно, наведениот податок служи и како доказ за афирмацијата на името Другувити и за неговото наметнување како име на Словените што биле населени во Повардариете.

Нема сомневање дека употребените изрази во судските одлуки се доказ и за постоењето на еден народ кој е различен и по име и по народносни белези од сродните соседни јужнословенски народи.

---

37. Исто, стр. 45, 47.

38. Исто, стр. 44, 46, 48, 49. Во бугарската историографија мислењата во поглед објаснувањето на наведениот податок се поделени. Според П. Ников, употребениот збор се однесува на Бугари. Исто мислење застапува и Д. Ангелов укажувајќи дека зад зборовите "тиранија на Другувитите" се сокрива власт на бугарскиот цар Калојан (1197 - 1207). За разлика од наведените историчари Дујчев помислувал дека во случајот станува збор за епископот на Другувитија под чија јурисдикција потпаднал и Полог.

39. Исто, стр. 56.

Tomo TOMOSKI

## NEIDERSCHERIFTEN UBER DIE DRUGUWITEN IN MAKEDONIEN

(Zusammenfassung)

Die Druguwiten wurden als Name einer der mehreren slawischen Stämmen im zentralen Makedonien bereits im VII. Jahrhundert bekannt. Der Verfasser des Aufsatzes gibt aufgrung von bekanntem Quellenstoff und der bisher weröffentlichten Literatur neue Erkenntnisse angesichts de Namen und der Affirmation dieses Namens in dieser Schriftform und über seine Aufzwingung als Namen fur die in Powardarie angesiedelten Slawen. AuBerdem ist bezüglich der Kolonisation und der Christianisation der Slawen das Stammesterritorium der Druguwiten gazeigt worden, und in diesen Rahmen ist das Territorium des Bischoftums Draguwitien und der ecclesia Drogovetiae verzeichnet worden.